| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Сонцето живот значи |
| **Содржина на денот** | Ден – ноќ |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Александра Дедес Трајковски |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор и потсетување на децата за придобивките од секојдневното оддржување на личната хигиена и хигиената во градинката и домот.<br>Поттикнување на детето за секојдневна физичка активност. |
| **Активности** | Подвижните игри секогаш се интересни за децата ,со задоволство се прифатени и децата уживаат додека се реализираат.<br>Предлог активност до Вас родители е игра која ви е позната, која сигурно и Вие сте ја играле како деца ,а тоа е подвижната игра „Ден – Ноќ“.<br>Пред да започнете да ја играте играта со Вашето дете, најдобро би било да разгледувате фотографии каде се прикажани денот и ноќта, да поразговарате кои активности се извршуваат кога е ден, а што правиме кога е ноќ .<br>Играта би одела по следниов тек : кога ќе кажеме „ден“ ,детето треба да стои да е будно со отворени очи, а кога ќе кажете „ноќ“ детето треба да клекне или седне да ги затвори очите и да имитира дека спие ( погледнете слики во прилог ). Играта може и на поинаков начин да се игра зависно од креативноста и интересот на детето.<br>Уживајте и забавувајте се со Вашето дете. Играјте ја играта додека детето покажува интерес за истата. |